ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

До: ЈЗУ УК за дигестивна хирургија – Скопје
Ул. Мајка Тереза бр.17 - Скопје

Од: Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија – Скопје
Сектор за финансиски прашања

Дата: 17.11.2022 година

Број: 08-15751/5

**Предмет: Одговор на Приговор бр. 08-15751/4 од 14.11.2022 година**

**Почитувани,**

**Приговор бр. 08-15751/4 од 14.11.2022 година.**

Точка 1 од Приговор на Извештај гласи " Во делот кој се однесува за извршена контрола за исплата на плати односно пресметката на плата за медицинскиот директор е констатирано дека во месец април на 25.04.2022 и септември на 08.09.2022 е извршена исплата по основ на дежурство за медицински директор, и во следниот став се наведува дека на медицинскиот директор не му се исплаќа ноќна работа, работа во недела, прекувремена работа, приправност.
Фактичката состојба не е правилно констатирана од страна на контролорите во овој дел. Имено на "лице" место им беше кажано на контролорите дека медицинскиот директор Проф.д-р. Зоран Караџов не дежура, туку е вклучен единствено на распоред за повик односно приправност, за што беа приложени соодветни документи односно распореди за дежурство и повик. Што значи дека на медицинскиот директор за наведените датуми му е исплатен ангажман за повик/приправност, а не дежурство. Исто така и во наредните констатации следи дека во период кога бил на одмор медицински директор не дежурал, зашто уште еднаш појаснуваме дека истиот не дежура воопшто"

**Образложение :**

Врз основа на Извештај за работа во смени, ноќен труд-дежурства (за одделение хирург во приправност) кој им беше даден на увид на контролори и по укажување од страна на претставници на ЈЗУ УК за дигестивна хирургија за работа во наведениот датум 25.04.2022 година е пресметан и исплатен во месец мај (пресметка се прави за период од 21.04.2022 - 20.05.2022 година).
Во пресметка на плата (исплатно ливче) кое на контролата и е дадено на увид на лицето Зоран Караџов му е исплатено:

- 16 часа Држ. Празници 1 коефициент 142% ,
- 64 часа **Дежурство** коефициент 84%,
- Ефективно работно време 154 часа и Минат труд 0,5% за секоја година на стаж.

Работа во наведениот датум 08.09.2022 година е пресметан и исплатен во месец септември (пресметка се прави за период од 21.08.2022 - 20.09.2022 година).

Во пресметка на плата (исплатно ливче) кое на контролата и е дадено на увид на лицето Зоран Караџов му е исплатено:

- 16 часа Држ. Празници 1 коефициент 142% ,
- 88 часа **Дежурство** коефициент 84%,
- Ефективно работно време 154 часа и Минат труд 0,5% за секоја година на стаж.

Во делот од точка 1 од приговор каде е наведено дека " медицинскиот директор Проф.д-р. Зоран Караџов не дежура, туку е вклучен единствено на распоред за повик односно приправност " е спротивно на пресметка за плата (исплатно ливче) каде стои **дежурство 84 %.**

Во поединечен колективен договор во дел за плата, други права по основа на плата и надоместоци на плата во член 14 точка 1 додаток на плата во износ од **84%** од саатнината за редовните работни денови (од понеделник до петок) се однесува за докторот во **приправност за време на дежурство.**

Во член 14 е наведено " работникот има право на надоместок за приправност, кој изнесува **без остварен повик 8%** од дневницата од неговата плата по час за времето кога бил ангажиран, **а за остварен повик 113**% од неговата плата по час за времето кога бил ангажиран".

Во табела Пресметување на плата на медицински директор која е составен дел од Извештај од извршена финансиска контрола на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ Универзитетска клиника за Дигестивна Хиругија – Скопје за периодот од 01.01.2022 до 30.09.2022 година направена е ненамерна техничка грешка каде во месеци мај 2022 година и септември 2022 година е нотирано додаток дежурство во викенд и празник во хирургија/други гранки ( 142 % ) а требало да е нотирано **работа на празник** (142%). Истата грешка се повторува и во текстот " -Медицински директор на ЈЗУ УК за Дигестивна Хирургија Скопје во период од јануари до септември 2022 година освен основна плата и минат труд има примања по основ додатоци на плата и тоа додаток за приправност (84%), и во месеците Мај и Август **Дежурство во празник** (142%) ".

**Приговор бр. 08-15751/4 од 14.11.2022 година.**

Точка 2 од Приговор на Извештај гласи " Во делот на извршена контрола за организацискиот директор во последниот став е наведено дека во контролираниот период не бил на боледување и не бил на службен пат во земјата и во странство . Наводот делумно е точен. Констатираното дека не бил на боледување е во ред, но во контролиранот период организацискиот директор беше на службен пат во странство- Валона Р.Албанија од 23-26.06.2022 , на работилница од областа за управување со човечки ресурси и теми за јавни набавки, за што на контролорите им беа дадени на увид и предадени бараните документи ( решение за платено отсуство, патен налог) "

**Образложение :**

Во Извештај од извршена финансиска контрола на пресметана и исплатена плата на медицински и организациски директор во ЈЗУ Универзитетска клиника за Дигестивна Хиругија



Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр.5, 1000 СкопјеТел/Tel: 02/3289-000
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup, e-mail: info@fzo.org.mk

– Скопје за периодот од 01.01.2022 до 30.09.2022 година во делот Пресметување на плата на организациски директор ненамерно е испуштено да се нотира податокот дека организациски директор на ЈЗУ УК за Дигестивна Хирургија Скопје бил на службено патување во станство во Валона, Р. Албанија во период од 23-26.06.2022 година (присуство на работилница за менаџирање, управување со човечки ресурси, јавни набавки) согласно Решение за платено отсуство донесено од страна на УО и архивски заведено под број 05-10/3 од 22.06.2022 година.

**Со почит,**

**Директор на сектор за финансиски прашања**

**Миле Сугарев**

Изготвил: Искра Чугунцалиева
Вулнет Амза
Контролирал: Снежана Ќовкароска Шилоска